# Анализа
# на капацитетите и условите на невладините организации кој работат на полето на борбата против трговијата со луѓе

Скопје
2007

Содржина:

Вовед :::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::: 2 стр.

Опис и приказ на податоците од анализа ::::::::::::::::::::::::: 4 стр.

Завршни согледувања :::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::::10 стр.

# 1. Вовед

Учеството на граѓанскиот сектор во сите сфери на општественото функционирање претсавува фундаментален сегмент во развој на демократските процеси и остварувањето на човековите парава и слободи.

Постојат повеќе дефиниции за граѓанските организации[1] но според Законот за здруженија на граѓани на Република Македонија од 1998 година[2], граѓаните слободно можат да се здружуваат во здруженија на граѓани заради остварување и заштита на економски, социјални, културни, научни, стручни, технички, хуманитарни, образовни, спортски и други права, интереси и уверувања во согласност со Уставот и законот. Здруженијата на граѓани се непрофитни организации, не можат да вршат политички активности или да го користат својот имот и средства за остварување на цели на политички партии, не можат да вршат стопанска дејност.
Со донесувањето на овој закон во Република Македонија во 2005 година биле регистрирани околу 6000 граѓански организации.[3]

Во Централен Регистар на Република Македонија до 30 септември 2007 евидентирано се фкупно 8997 правни лица согласно Законот за здруженија на гражани и фондации од кои 8869 се здруженија на граѓани и 128 фондации. [4]

Република Македонија го поттикнува граѓанскиот сектор и неговото учество во креирањето на политиките како соодветен баланс и коректив во развојот на демократијата и демократските вредности но и како конструктивн надополнувач во областите каде општествената заедница има потреба за тоа. За таа цел во Генералниот Секретаријат во Секторот за анализа на политиките и координацијата во 2004 година формирано е Одделение за соработка со невладините организации.

Дополнително, Владата на Република Македонија во 2007 има донесено Стратегија за соработка со геѓанскиот сектор со акциски план за спроведување во период од 2007-2011 година. Главна цел на Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор е унапредување на соработката на Владата и ресорните министерства со граѓанскиот сектор.

Граѓанските организации во своето работење се потпираат на волонтерите во спроведувањето на своите активности. Во јуни 2007 година донесен е

---

[1] За граргански организацоии често се користи терминот Невладини организации (НВО)
[2] „Службен весник на Република Македонија„ број 31/98
[3] Индекс на граѓанско општество 2005-ЦИВИКУС, Македонски центар за меѓународна соработка
[4] Извор - Централен Регистар на Република Македонија, регионална регистрациона канцеларија Скопје

Закон за Волонтерство.[5] Со овој закон се уредуваат условите и начинот на вршење на волонтерството, правата и обврските на волонтерите и организаторот на волонтерството, договорот за волонтерство како и евиденцијата на волонтерската работа.

Поктај тоа, Владаат секоја година доделува сретства од буџетот согласно Одлуката за критериумите и постапката за распределба на финансиските сретства на здруженијата на граѓани и фондации од буџетот на Република Македонија.[6] Сретствата се распределуваат и преку буџетите на министерствата и другите институции на Владата.

За 2007 година распределени се средства од Буџетот на Република Македонија на 68 граѓански здруженија и фондации во износ од 15.000.000,00 денари. Здруженијата на граѓани и фондации по завршувањето на програмските активности должни се да достават извештај за користење на овие сретства до Министерството за фдинансии.

Со Законот за социјална заштита[7] давањето сретства на НВО, почнува да се практикува преку „договори за обезбедување на услуги„. Врз основа на законската регулатива се регистрираат граѓански организации кои сакаат професионално да дејствуваат во социјалната сфера и кои за давањето услуги добиваат буџетски сретства.

Во Министерството за труд и социјална политика се води Регистар за граѓански организации. Потребни документи за упис во регистарот на Министерството за труд и социјална политика се: Решение за упис во регистарот на надлежниот суд; Статут на здружението на граѓани; Програма за работа за тековната година; Најмалку три реализирани проекти од областа на социјалната заштита; Период на работа во областа на социјалната заштита-најмалку три години од денот на основањето; Доказ за исполнување на просторните услови за работа и кадровската екипираност; Уверение од Управата за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки; Извештај за мислење за бонитет (економски и финансиски бонитет) скратен сметководствен извештај од годишна сметка[8].

До септември 2007 година во Регистарот на Здруженија на граѓани во Министерство за труд и социјална политика се запишани вкупно 26 здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита.[9]

---

[5] „Службен весник на Република Макеонија„ број 85/2007
[6] „Службен весник на Република Макеонија„ број 60/2000
[7] „Службен весник на Република Македонија„ број 21/06
[8] Се зима од Централен регистар на РМ
[9] Извор - Регистар на зруженија на граѓани од областа на социјална заштита, Министерство за труд и социјална политика

Министерството за труд и социјална политика во рамките на активностите на Националниот Механизам за Упатувана на жртви на трговија со луѓе (НМУ) промовира една добра пракса на демократско градење на институциите, преку унапредување и координирање на ефективните врски помеѓу државните институции и граѓанското општество. Во таа насока има потпишано меморандум за соработка со НВО Отворена порта во чие што прифатилиште ги упатува потенцијалните и идентидикувани жртви на трговија.
Со цел продлабочување на соработката со другите НВО, потпишување на меморандуми за соработка, реализација на заеднички активности и дизајнирање на понатамошни активности во насока на зајакнување на капацитетите на НВО-ии, координативната канцеларија на НМУ изработи анализа за условите и капацитетите на невладините организации кој работат на полето на борбата против трговијата со луѓе во периодот на 2007 година.

Анализата е изработена врз база на структуриран анкетен прашалник. Прашалникот го пополнија 16 Невладини организации кој приближно или целосно се посветени на областа на борбата против трговија со луѓе, посебно со жени и деца. Прашалникот беше доставен до 40 НВО-ии за кои канцеларијата на НМУ има контакт адереси во сопствената база на податоци за НВО-ии како и контакти добиени од соработниците од Мисијата на ОБСЕ во Скопје т.е од Одделот за владеење на правото.Од НВО кои го пополниле прашалникот само 5 НВО не се регистрирани во Регистарот на Министерството за труд и социјална политика.
Воедно шест од овие НВО-ции се членови на Секретаријатаот за борба против трговија со луѓе и илегална миграција.

Прашалникот е составен од 11 прашања од полуотворен карактер систематизиран во 3 целини.

А. Првата целина се прашања за организациската структурираност и условите на невладините организации во кој тие дејствуваат.

Б. Втората целина се прашања за техничките капацитетите со кој тие располагаат, за нивото на дејствување како и статусот на лицата вклучени во организацијата.

В. Третата целина се однесува на програмски активности во областа на борбата против трговијата со луѓе

Анализата е изработена за потребите на Министерството за труд и социјална политика Национален Механизам за Упатување на жртви на трговија со луѓе.

## 2. Опис и приказ на податоците од анализата

## А. Организациската структурираност и условите во кој тие функционираат

На прашањето „Колку членови бори вашето собрание„ преставниците на НВО-ции одговорија со највисока вредност од 39 % Над 50, а најниска вредност од 11 до 20 членови со 15 %. Од тоа произлегува дека во Собранието е најбројното тело во невладините организации. Со тоа може да се заклучи дека според квалитетот одлуките во Собранието се со најголемо мнозинство од члeновите на организацијата.




На прашањето „Колку членови броии вашиот извршен орган„ преставнците на НВО-ции одговорија со највисока вредност од 0 до 5 членови со 46 % а со најниска вредност од 21 до 30 и од 31 до 50 членови со по 8 %. Додека состојбата во извршниот орган на НВО е различна. Во извршниот орган членовите се во мал број за разлика од Собранието каде бројката е поголем во однос на членовите.




**Б.**
**Капацитети со кој располагаат НВО-ции**

На прашањето „Дали вашата организација има канцелариски простории„ НВО-ции одговорија со највисока вредност од 43% Даден на користење а со најниска вредност 21 % имаат сопствени простории.



На прашањето „Колку сте технички опремени во вашата канцеларија„ НВО-ции одговорија со следниов процент. Највисок процент  54 % одговорија опремени сме а најнизок процент 15 % не сме опремени.
На прашањето со опременоста се добиваат податоци дека просториите каде работат организавиите се доволно опремени. Тие сметаат дека опременоста е на задоволително ниво за работа .




5. На прашањето„„Дали ја имате следната опрема во вашата организација (компјутер, фотокопир, тел/факс, печатар, мобилни телефони, автомобил, камера, фотоапарат)„ на следната слика е прикажана скалата на опременост во НВО-ции.



**Статусот на лицата вклучени во НВО-ции**
**и нивото на дејствување**

Како АКТИВНИ ВОЛОНТЕРИ во НВО-ции кој работат на полето на борбата против трговијата со луѓе со најизразен процент се над 5 со 67 %, а со најниска вредност се до 1 со 8 % и од 3 до 5 со 8 %




Од податоцие се гледа дека е најизразена е бројката на активни волонтери во НВО со над 67 %.

7. Како ХОНОРАРНО АНГАЖИРАНИ во НВО-ции кој работат на полето на борба против трговија со луѓе со најголем процент се над 5 со 69 % а од 3 до 5 со 31 %



8. Како РЕДОВНО ВРАБОТЕНИ  лица во НВО-ции кој работат на полето на борба против трговија со луѓе со најмал процент се од 3 до 5 лица со 8 % а немаат редовно вработени 77%




9. На прашањето на кое ниво е вашето дејствување (локално, регионално, национално, меѓународно) најизразено е на локално а најнеизразено на меѓународно ниво.




Од податоците се констатира дека НВО се најактивни на Локално и Национално ниво а најслабо на Регионално и Меѓународно ниво.

**В. Опис на проектните активности**

Во однос на проектни активности на НВО-ции кој работат на полето на борбата против трговијата со луѓе посебно со жени и деца се земени во предвид повеќе категории и тоа: број на реализирани проекти во последните две години, времетраењето на истите, целната група, спроведените активности, донаторите на проектите, спроведените обуки, домашни или странски обучувачи и бројот на обучени лица. Во понатамошниот дел се објаснуваат повеќето димензии.

Во изминатите две години од страна на 16 НВО-ции кои одговориле на прашалникот вкупно се реализирани 60 проекти во областа трговија со луѓе. Може да се забележи дека од 2005 година па наваму бројот на проекти и интензитетот на спроведени активностите е поголем за сметка времетраењето на проектите. Имено, има само неколку долгорочни програми, преовладува период на спроведување на проекти од 9 месеци до 1 година и најчесто се краткорочни проекти кои се реализираат во период од 3 до 6 месеци.

Како целна група во проектите најчесто се издвојуваат младите, што се подразбира со оглед на нивната подложеност на ризик, особено на средношколската младина. Во последниот период активностите се насочени и кон младите од руралните средина како и кон припадниците на етничките заедници, но и кон ранливите групи како што се самохраните мајки, дисфункционалните семејства, децата во основните училишта, невработените. Земајки го во предвид ефектот кои што сака да се постигне не ретко како целна група се јавуваат и петставници на локалните институции, поточно од погранична полиција, Центрите за социјална работа, здраствени работници, претставници од локалните самоуправи и др.

Превземените активности во рамките на програмите и проектите кои ги реализираат НВО пред се се однесуваат на превенциија, подигање на јавната свест преку едукации, работилници, семинари, прес конференции, ТВ емисии, трибини, изготвување и дистрибуција на информативно едукативен материјали (лифлети, постери, мулти медијално ЦД и сл.) насочени кон пепознавање и спречување на трговијата со луѓе. Покрај тоа има неколку реализирани истражувања од оваа област. Во давање директна помош и поддршка на жртвите на трговија со луѓе вклучени се само 3 НВО-ци и тоа 2 во Транзитниот центар за странци (психосоцијална поддршка и едукација за сексуално преносливи болести) и една во прифатилиштето за домашни жртви на трговија со луѓе обезбедувајќи палета на услуги за време на престојот на жртвите во прифатилиштето.

Треба да се истакне и тенденцијата на вмрежување на НВО-ции околу размена на информации, организирање на заеднички обуки но и партнерско спроведување на проекти. Во овој контекст, НВО-ции кои што имаат долгорочно развиени програми, пред се од информативно превентивен карактер, истите ги спроведуваат со НВО-ции кои што функционираат на локално ниво воедно зајакнувајќи ги нивните капацитети и развивајѓи модели на соработка.

Обуките кои што ги спровеле НВО–ции во изминатите две години може да се групираат во неколку области и тоа: за превенција, препознавање на трговијата со луѓе, подигање на јавната свест и за соработка и продлабочување на истата, покрај тоа има и спреведено обука за НВО-ции за дата база чии софтвер досега не е ставен во функција.

Структурата на обучувачи е комплеметарна како по занимање исто така и професија. Како обучувачи најчесто се јавуваат домашни обучувачи, најчесто професори од Институтот за социјална работа и социјална политика, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатречни работи, Јавното обвинителство од Центрите за социјална работа односно професионалци кои што работат и имаат искуство во оваа област а по професија се социјални работници, педагози, психолози и слично. Дополнително, како обучувачи се јавуваат и членови на самите НВО-ции. Само во два случаја ангажитрани се надворешни обучувачи. Вкупен бројот на лицата кои што директно биле вклучени во обуките, организирани од НВО-ции се околу 4000. Треба да се напомене дека дел од нив биле вклучени во обука за обучувачи како и пиер едукатори за млади што значително го зголемува бројот на учесниците во едукациите од оваа област.

За реализаија на споменатите активности како донатори најчесто се јавуваат Набљудувачката мисија на Организацијата за безбедност и соработка во Скопје (ОБСЕ), Американската Амбасада, Меѓународната Организација за Миграции (ИОМ), Француски каритас (ЦРС). Финансиска поодршка на поодделни проекти и програми има од амбасадите на западно европските држави во Република Македонија, потоа од Меѓународни организации. Значајно е да се напомене дека некои проекти иако краткорочни биле поддржани од локалната самоуправа.

Само во еден случај биле реализирани активности без финансиска поддршка од донатор врз основа на волонтерска работа на членовите на НВО..[10]

[10] Членови на НВО волонтерски држеле превентивни лекции на тема „не дозволувај да бидеш измамен – спротистави се„ со дисфункционални семејства и ризични групи.

**Завршни согледувања**

Анализата има за цел  да даде една појасна слика за НВО-ции кој работат на полето на борбата против трговијата со луѓе. Анализата претставува основа за креирање на политики за соработка со граѓанскиот сектор, заедничко дејствување и развивање на програми за нивно зајакнување како многу важна алатка во развојот и остварувањето на човековите права и слободи.

Анализата дава еден приказ за условите и капацитетите на НВО низ статистичко-дескриптивен начин.

Според податоците добиени од прашалникот во делот за организациската структурираност и условите во кој тие функционираат се идентификува изразена квантитавност на Собранието како највисок орган на НВО-ција, додека  Извршното тело иако со мал квантитативен капацитет има изразен влијателен карактер.

Според податоците добиени во делот за капацитетите на НВО-ции се утврди дека НВО- немаат доволен број на сопствени простории (особено локалните НВО-ции), тие најчесто се корисници на просториите  - дадени на користење без надокнада и втората формулација дека тие користат изнајмени простории.

Во однос на прашањето за техничката  опременост и со каков вид на опрема располагаат може да се забележи дека во поголем број на организации постојат основни задоволителни стандарди за работа, со истакнување на потреба од автомобил и камера.

Според податоците добиени од прашалникот во делот за статусот на лицата вклучени во НВО и нивото на дејствување е утврдено дека во најголем број лицата не се вработени а од оние што се ангажирани на проектите се активни волонтери или се хонорарно ангажирани лица. Бројот на хонорарно ангажирани во НВО-иции се движи  од 3 до 5 или над 5 лица.

Нивото на дејствување на НВО е во најголем процент на локално со тенденција на опаѓање на дијапазонот на нивното дејствување. Со тоа се утврдува дека на регионално и меѓународно ниво е најслабо или најневлијателно.

Типовите на обуки се различни. Тие најчесто се за подигање на јавната свест посебно кај помладата популација но и како зајакнување на

капацитетите на институциите кој имаат допирни елементи со проблематиката трговија со луѓе.

Анех 1

Листа на НВО кои одговорија на прасалникот

1. Центар за граѓанска иницијатива –Прилеп
2. Женско лоби и акција против насилство и трговија со жени ,,Ластрада" Отворена Порта"
3. Сојуз на жени ,,Езерка"
4. Сојуз на организации на жени на РМ
5.Здружение на жени „Поддршка„ -Гевгелија
6.Граѓанска иницијатива за еднакви можности „Семпер„
7. Здружение на Власи „Халча ал Брова„
8. Здружение на албанска жена во Македонија – Кичево
9. Организација на жени Свети Николе
10. Здружение за подршка и заштита на деца и семејства под ризик ,, Среќно детство "
11. Здружение на граѓани „Спасете ги децата„
12. Организација на жени „Радика„
13. Коалиција „Сите за правично судење„
14. Асоцијација за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во Македонија ЕСЕ
15. Здружение на граѓани ,, Продолжен живот,, - Струмица
16. ХОПС -Опции за здрав живот

Анекс 2

Прашалник за условите и капацитетите на невладините организации кои работат на полето на борба против трговија со луѓе